Предлог

Врз основа на член 88 став 2 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06, 13/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 8/21), а по предлог на Градоначалникот,

Советот на Општина Велес на 6-та седница, одржана на ден _.12.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на административните службеници на Општина Велес за 2026 година**

**Член 1**

Вредноста на бодот за пресметување на платите на административните службеници за 2026 година изнесува 81,60 денари.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Велес“, а ќе се применува со исплата на платата за јануари 2026 година.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Образложение**

Согласно член 88 став 2 од Законот за административни службеници, Советот на општината со одлука ја утврдува вредноста на бодот за платите на државните службеници на предлог на градоначалникот, а во рамки на предвидениот буџет и врз основа на вкупниот број на административни службеници распоредени по соодветни нивоа за тековната година.

Вредноста на бодот за пресметување на платата на административни службеници во општината се утврдува секоја година со Одлуката за утврдување на вредност на бодот за платите на административни службеници која ја донесува Советот.

Врз основа на наведеното, градоначалникот предлага Советот на општината да ја донесе предложената одлука.